Република СевернаМакедонија
**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**
**ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

Врз основа на член 12, став 1, алинеја 7 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 72/2007 , 05/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018, 190/2019), а согласно член 52 од Законот за административни службеници (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/2014, 199/2014, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен Весник на РСМ“ број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), вдиректорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по пат на интерен оглас на работното место Раководител на одделение за региони со отежнати услови за стопанисување и спроведување на агроеколошки мерки (УПР0101Б04000)**

1. За извршител на работното место **Раководител на одделение за региони со отежнати услови за стопанисување и спроведување на агроеколошки мерки,** Одделение за региони со отежнати услови за стопанисување и спроведување на агроеколошки мерки, Сектор за Сектор за директни плаќања во земјоделството, се избира **Зоран Пешевски.**

**Образложение**

Согласно интерниот оглас број 01/2026 за пополнување на работни места со унапредување на 1 (еден) административен државен службеник во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството, објавен на 05.06.2026 година на веб страната на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и на веб страната на Агенцијата за администрација, Комисијата за спроведување на постапката за селекција спроведе интервју со кандидатите од листата на пријавени кандидати за работното место Раководител на одделение за региони со отежнати услови за стопанисување и спроведување на агроеколошки мерки, Одделение за региони со отежнати услови за стопанисување и спроведување на агроеколошки мерки, Сектор за Сектор за директни плаќања во земјоделството (Записник број 04-1053/20 од 15.06.2026 година).

По спроведеното интервју, Комисијата состави ранг листа од кандидати и истата ја достави до директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој кој, согласно член 52 од Законот за административни службеници врши избор на кандидатот.

Со оглед на тоа, а врз основа на член 12, став 1, алинеја 7 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, се одлучи како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Одлука може да се изјави жалба преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој до Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на оваа Одлука.
Решено во АФПЗРР Скопје, на ден __.06.2026 година, под број 04-1053/11.

16-06-2026

**ДИРЕКТОР**

М.П.

**Даниела Иротова Лазарева**

Доставено до:
- именуваниот,
- архива на Агенцијата и
- одделение за управување со човечки ресурси

Подготвил: Благица Велковска
Одобрил: Ангелина Јовановска Илиевски